**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:** **г. Илаз ХАЛИМИ,**
**кандидат за претседател на Република Македонија**

**УПП бр.** 03-94

**Скопје** 04.04**2014г.**

**Предмет: Одговор на претставка во врска со ТВ спот емитуван на 31.03.2014 година, на ТВ Алсат - М**

Почитуван г-н Халими,

Во врска со вашата претставка од 02.04.2014 година, доставена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 02.04.2014 година и евидентирана во Уписникот за постапување по претставки и предлози УПП бр. 03-94, ве известуваме за следново:

Со тоа што на програмата на ТВ Алсат – М е емитуван рекламен спот нарачан од НВО „Традита", во кој се повикува да се бојкотираат Претседателските избори 2014 година, не е нарушен Изборниот законик. Имено, одредбата од член 75 според која радиодифузерите, доколку одлучат да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин, се однесува на учесниците во изборната кампања. Исто така, одредбите за платено политичко рекламирање се однесуваат на учесниците во изборната кампања. Невладината организација „Традита" не е учесник во изборната кампања (според дефиницијата од член 2 став 1 точка 14 од Изборниот законик и одредбата од член 70) и емитувањето рекламен спот нарачан од неа е регулирано согласно правилата за емитување рекламирање од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

- Одговорот е доставен и до ТВ Алсат-М

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Бул. ВМРО бр.3**
**1000 Скопје**
**Република**
**Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**